

Еко-свест

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2020



## *Вовед*

Оваа 2020 година претставуваше предизвик, не само за Еко-свест, туку и за целиот свет. На почетокот на годината, моравме да преиспитаме и реорганизираме речиси сѐ во врска со нашата работа. Се пренасочивме кон работа од дома со онлајн конференции и состаноци и развивме нови планови за работа со нашите засегнати страни и државни власти, како и начини на комуницирање.

Од една страна, сето ова беше направено доста успешно бидејќи успеавме да ги завршиме сите планирани активности и проекти. Но, од друга страна, пак, оддалечувањето меѓу нас и остатокот од светот со коешто се соочивме, на некој начин остави непријатна трага врз нас, бидејќи како што изминуваше годината, пандемијата продолжи без некакво решение или подобрување на повидок.

И покрај тоа, Еко-свест имаше година исполнета со активности и низа позитивни влијанија во нашето општество. Благодарни сме им на нашите донатори за континуираната поддршка што ја добивме во овие тешки времиња.

Ве поканувам да го прочитате нашиот годишен извештај за 2020 година.

Ана Чоловиќ Лешоска
Извршен Директор
Еко-свест

# Тим Еко Стрип




Како дел од проектните активности “Овозможување на пат кон декарбонизација и заштита на животната средина“, финансиран од Делегацијата на Европската Унија во Македонија, издадовме стрип за едукација во врска со енергетската транзиција. Стрипот којштo беше објавуван на социјалните медиуми во епизоди за време на летните месеци во 2020 година го зголеми јавниот интерес меѓу различни таргет групи. Објавите на социјалните медиуми допреа до повеќе од 30 000 луѓе.

# Воспоставување на Климатска Коалиција




Во 2020-та година ја зајакнавме Климатската коалиција со изготвување на правни документи и избирање на членки на секретаријатот со цел активно да продолжи да ја претставува коалицијата и да учествува во подготовка на климатски политики и законски регулативи на национално и локално ниво. Претставниците од Коалицијата беа дел од работните групи на Националните планови за енергетика и клима, како и од Закон и стратегија за климатска акција. На 25-ти септември - Глобалниот ден на климатска акција, Коалицијата го имаше првиот заеднички ПР покриен од национални медиуми. На 24-ти декември, членовите на Коалицијата учествуваа на презентација за ревидираните Национални планови за енергетика и клима.

## Документарен филм за Енергетската транзиција




Како дел од проектните активности на Промовирање на енергетската транзиција во Северна Македонија, финансирани од *CEE Bankwatch Network* преку програмата на Шведската агенција за меѓународна развојна соработка СИДА (*SIDA*), продуциравме едночасовен документарен филм којшто ги објаснува можностите за Праведна транзиција на регионите зависни од јаглен во земјата. Документарниот филм содржи изјави од експерти и припадници на заедниците во регионите на јаглен и го покажува патот напред кон обновливи извори на енергија, но и кон алтернативниот економски развој. Филмот премиерно беше прикажуван на националната телевизија МРТВ, како и на официјалниот You Tube канал на Еко-свест којшто има 265 прегледи досега.

Во 2020 година ги имплементиравме следните проектни активности:

## (1) Активности со ЦЕЕ Бенквоч Нетворк (*CEE Bankwatch Network*)

Нашиот претставник, Давор Пехчевски продолжи со работа како Регионален координатор за загадување на воздухот за балканскиот регион, позиција којашто ја започна во Bankwatch во 2018 година. Неговата работа подразбира правење на мерења и анализи на податоци поврзани со загадувањето на воздухот на Балканот. Во 2020-та година беа објавени две групи на мерења, од кои едното вклучува комплексни симулации и детална анализа на квалитетот на воздухот во близина на Косово А и Косово B електраните. Во обид да го прошириме обемот на работа поврзана со загадувањето на воздухот и во другите земји коишто не се членки на ЕУ, беше изработена десктоп анализа на влијанието на енергетскиот сектор на Украина врз квалитетот на воздухот. Анализата откри некои сериозни проблеми и предизвика лавина реакции во Украина, па дури стигна и до Собранието.

Сепак, она што остави најголем белег во 2020 година е The Lung Run - првата трка во регионот посветена на проблемите поврзани со загадувањето на воздухот. Беше планирана да се случи во с. Новаци - Битолско, но поради Ковид-19 рестрикциите беше организирана во вид на онлајн настан. Повеќе од 60 тркачи од 14 држави и 3 континенти заземаа учество и споделија пораки за поддршка и солидарност со заедницата во Новаци.

Во 2020 година, Еко-свест вклучи уште еден претставник како дел од Bankwatch тимот - Маја Камбовска, која ја координира кампањата на организацијата за централно греење. Целта на оваа кампања е да се забрза трансформацијата на секторот за греење од фосилни горива и неодржливи обновливи извори, кон прогресивни, навистина чисти и иновативни решенија во комбинација со мерките за енергетска ефикасност.

## (2) Застапување со цел намалување на емисиите преку зголемен притисок на јавноста на локално ниво и соработка со носителите на одлуки, финансиран од Европската фондација за клима

Проектот „Застапување со цел намалување на емисиите преку зголемен притисок на јавноста на локално ниво и соработка со носителите на одлуки“ е дел од

енергетиката, праведната транзиција и програмата за клима, и во него се работи на тоа да се изврши притисок врз носителите на одлуки во заедниците зависни од јаглен за истите да се насочат кон праведна транзиција, бидејќи веќе се направени планови за премин од јаглен за Кичево, како и да се фокусираат на аерозагадувањето и праведната транзиција во Битола. За време на проектот беа вклучени носители на одлуки на национално ниво и носители на одлуки од Битола, но исто така и претставници на локални бизниси во Битола.

Партнерствата коишто веќе беа создадени со Климатската коалиција беа дополнително зајакнати, а членовите на коалицијата беа подготвени да работат во областа на климатската правда преку специјални обуки. Иако се фокусира на примамување на локалните групи и граѓани да се приклучат кон климатската акција, декарбонизацијата и праведната транзиција, преку издавање на стрипот поврзан со јагленот (Тим Еко) и препечатување на сликовницата за деца Јагленко, проектот, исто така, го продолжи својот силен фокус кон енергетиката, како и соработката со носителите на одлуки со цел да осигура дека во стратешките документи коишто се однесуваат на секторот за енергетика и клима е вклучена декаборнизацијата и праведната транзиција. Бидејќи станува збор за долгорочен проект, во 2020 година продолживме да работиме на законот и стратегијата за клима, како и на ревидираната Програма за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката. Покрај тоа, ставивме поголем акцент на праведната транзиција на регионите со јаглен и како дел од пошироката програма за праведна транзиција беше подготвен документарен филм.

## (3) Овозможување на пат кон декаборнизација и заштита на животната средина, финансиран од Делегацијата на Европската Унија во С. Македонија

Проектот, кој се смета за оперативен грант на организацијата, имаше за цел да обезбеди правилно и значајно учество на граѓанските организации во клучниот процес на одлучување во земјата, како и да обезбеди одржливост и долговечност на активностите и услугите на Еко-свест. Проектот беше подготвен во согласност со стратешкиот план за периодот 2020-2024 година и опфати активности како што се: настани и состаноци за застапување насочени кон подобрување на политиките коишто ќе обезбедат декарбонизација на нашите системи, активности поврзани со мониторинг и истражување коишто обезбедија подготовка на студии и лансирање на резултати, поткревање на свесноста преку иновативни и интересни материјали како што се стриповите, развој на едукативна програма и подготовка на прелиминарни услуги коишто „Еко-свест“ може да им ги понуди на компаниите и

другите институции. Проектот беше во времетраење од 1 година и заврши на 31ви декември 2020 година.

## (4) Да зборуваме за климатските промени, финансиран од Делегацијата на Европската Унија во Северна Македонија

Овој проект беше имплементиран во партнерство со *CNVP* и *ДЕМ* и започна во јануари 2018 година, а заврши во април 2021 година. Главниот фокус на проектот беше зајакнување на влијанието и вклучување на граѓанското општество во процесите на донесување одлуки и пристапните реформи на ЕУ во областа на климатските промени. Активностите главно вклучуваат градење на капацитетите на граѓанските организации да продолжат да ја зголемуваат нивната отчетност и одржливост со цел да постигнат зголемено вклучување во креирањето на политики и застапување на секторот, како и преземање на акција за поткревање на свесноста насочена кон влијанијата на климатските промени и начините како да се продолжи понатаму. Проектниот тим успешно разви наставни програми и спроведе 15 обуки за граѓанските организации и новинарите/ блогерите/ инфлуенсерите во чиј фокус беа климатските промени. Проектот, исто така, опфаќа шема за доделување на под-грантови за поддршка на иновативни климатски проекти во земјата. Во 2019 година доделивме 10 под-грантови на граѓански организации со цел да спроведат најразлични климатски акции во нивните заедници и успеавме да собереме повеќе од 50 граѓански организации на првиот годишен состанок на идната Климатска коалиција. Во 2020 година проектот беше фокусиран на зајакнување на Климатската коалиција. Беа избрани членови на секретаријатот и коалицијата беше претставувана преку активно учество во работните групи за климатски политики и состаноците на коалицијата. Исто така, беа избрани и регионални координатори коишто ја овозможија многу потребната локална климатска акција за секој од 8-те региони во земјата. Истовремено, партнерските организации и граѓанските организации коишто беа вклучени во климатската коалиција заеднички и индивидуално, воспоставија добра комуникација со централната и локалната власт, редовно даваа коментари и сугестии за нови или ревидирани правни документи, како и документи за политики, држеа состаноци за соработка и координација на климатските активности на национално и локално ниво, итн. Со цел да ја поткренеме свесноста во врска со климата, изработивме пет едукативни видеа за климата и праведната транзиција, објавивме три кампањи во врска со климата и останати проблеми поврзани со промените кои ги носи, организиравме вечери на климатскиот филм, и објавивме повеќе од 20 статии во врска со климата. Проектот, исто така, поддржа две организации со мали грантови за стимулирање на пешачење и возење велосипед, што само по себе опфати 150 000 граѓани.

Целите на проектот беа надминати во 2020 година, а медиумското покривање овозможи истиот да допре до над 800 000 граѓани.

## (5) GEAR – Зелена економија за развој на регионот, поддржан од Европската комисија

Проектот е имплементиран во партнерство со низа граѓански организации од регионот (*FORS Montenegro* – Црна Гора, *SMart Kolektiv* – Србија, *EDEN Center* – Албанија, *Center for Development and Support* – Босна и Херцеговина, *Association SLAP* – Хрватска), а се фокусира на едукација и подигнување на свесноста во врска со зелената економија. Четири едукативни материјали (брошура за зелена економија и зелено претприемништво, брошура на добри практики поврзани со зелената економија, прирачник за зелена економија и зелено претприемништво, и студија за можностите да се развие зелената економија) беа објавени, но проектот има и друга силна компонента - градење капацитети, бидејќи обезбеди серија обуки за граѓанските организации и јавните власти. Проектот трае до август 2021 година. Во 2020 година, фокусот беше ставен на издавање серија од едукативни материјали. Пет под-грантови беа доделени на локални граѓански организации за спроведување на проекти поврзани со зелената економија во нивните заедници со што имаа можност да ги застапуваат и промовираат концептите на зелена економија и зелено претприемништво, како и нивната важност за одржливиот развој помеѓу пошироката јавност и локалните и националните власти.

## (6) 50 нијанси воздух, финансиран од Шведската Амбасада во С. Македонија

Во 2020 година, добивме мал грант со цел да ја поткренеме свесноста во врска со аерозагадувањето. Во соработка со Шведската Амбасада во Скопје, ко-организиравме натпревар за најдобра фотографија под наслов „50 нијанси воздух“ и побаравме граѓаните да ни испратат фотографии што јасно покажуваат како аерозагадувањето влијае врз нивните животи, или пак, да прикажуваат решенија за овој проблем. Добивме 115 фотографии од урбани и рурални средини во земјата. Тројца победници коишто најдобро ја доловија темата беа избрани и наградени, а 36 фотографии беа отпечатени во вид на постери како дел од едно-месечната патувачка изложба во 7 автобуси од ЈСП-Скопје. Дополнително, фото галеријата беше спонзорирана на социјални медиуми со цел да ја зголеми видливоста за време на едно-месечна кампања за аерозагадувањето. Проектот беше во времетраење од 3 месеци и заврши во ноември 2020 година.

## (7) Побивање на митот за одржливост на хидроенергијата, финансиран од Патагонија (*Patagonia*)

Со овој грант, Еко-свест успеа да продолжи да работи на специфичните анализи поврзани со влијанијата на малите хидроелектрани во земјата. Ангажиравме двајца геоморфолози кои извршија анализи на влијанието на сите реализирани проекти врз геоморфологијата и шумите и како резултат на тоа беше објавена студија. Исто така, успеавме да ја поткренеме свесноста во врска со ова прашање, особено во врска со недостатокот на регулатива поврзана со работата на малите хидроелектрани, како што се рибните патеки и еколошкиот проток на реките. Како резултат на ова, организацијата Еко-свест ќе биде вклучена во подготовка на новата регулатива, како и во унапредување на законот за водите во периодот што претстои.

## (8) Промовирање на енергетската транзиција во Северна Македонија, финансиран од *CEE Bankwatch Network* преку СИДА (*SIDA*) програмата

Овој проект придонесува кон енергетската транзиција на државата преку застапување и подигање на свесноста за праведна транзиција и напуштање на употребата на јагленот, како и за заштита на климата. Проектот започна во јуни 2020 година, а заврши во декември истата година.

Главниот производ од проектот беше документарен филм во врска со енергетската транзиција и можностите за алтернативен развој на економијата. Едночасовниот документарен филм ја истакна поврзаноста помеѓу јагленот и влијанието врз здравјето, важноста за зголемената употреба на обновливите извори на енергија, особено на кровните соларни панели, како и придвижување на регионите кон подобра иднина преку процесот на праведна транзиција водена на локално ниво. Документарниот филм беше премиерно прикажуван на националната телевизија во февруари 2021 година.

Покрај тоа, проектот помогна Еко-свест да спроведе прашалници и фокус групи во регионите зависни од јаглен. Како резултат на ова, успеавме да произведеме кампања и информативни материјали за спроведување активности поврзани со поткревање на свесноста. Во комбинација со обуката за новинари и климатските филмски ноќи, овие активности овозможија да допреме до повеќе од 100 000 луѓе.

## (9) Елиминирање на јагленот и овозможување на праведна транзиција во кичевскиот регион, финансиран од Мрежата за климатска акција во Европа- CAN Europe

Главната цел на овој проект беше да обезбеди пат кон одредување на датуми за постепено елиминирање на јагленот преку учество во процесот на подготовка на *NECP* и овозможување на праведна транзиција на кичевскиот регион во Македонија преку работа со локалните заедници за да дојдат до заедничко разбирање и да се договорат во врска со најдобрите практики за праведна транзиција на регионот. Имавме двајца претставници во работните групи на NECP, а изработениот документ содржи датуми за елиминирање на јагленот. Со цел да го поддржиме процесот на праведна транзиција објавивме податоци за можностите за инсталирање на фотоволтаични панели на покривите на домаќинствата во кичевскиот регион, но и изработивме анализа којашто ги истражува можностите за развој на кичевскиот регион како еко-туристичка дестинација, мапирајќи го потенцијалот за развој на гранките на алтернативен туризам во кичевскиот регион. Овие документи беа изработени во консултација со локалните заедници од кичевскиот регион каде што учесниците се согласија дека регионот нуди единствени можности за развој што не го вклучуваат јагленот. За времетраењето на проектот имаше блиска соработка со новинари од земјата коишто покриваат теми поврзани со енергија и клима, и истите објавија 7 статии на темите: енергетска транзиција, праведна транзиција и зелена обнова. Две од овие статии беа истражувачки стории фокусирани на резултатите од двете анализи објавени со овој проект. Проектот започна во јануари 2020 година, а заврши во јули 2020 година.

## (10) Заштитени подрачја за природата и луѓето (*PA4NP II*), финансиран од СИДА (*SIDA*) преку WWF Адриа (*WWF Adria*)

Во 2020 година, Еко-свест стана официјален партнер на WWF Адриа (*WWF Adria*) бидејќи нашата Ана Чоловиќ Лешоска започна да работи како нивен координатор за политики како дел од проектот PA4NP II. Овој проект има за цел да го унапреди управувањето на заштитените подрачја во земјите од Западен Балкан, преку поддршка на управувачите со заштитените подрачја, како и на граѓанските организации коишто работат на заштита на природата и животната средина. Тригодишниот проект ќе заврши на крајот од 2022 година. За време на 2020-та година Еко-свест организираше неколку состаноци и работилници со институциите во врска со прашањата поврзани со ефикасно управување на заштитените подрачја и воспоставување на соработка со неколку заштитени подрачја, како и со меѓународните организации *IUCN* и Бернската конвенција (*Bern Convention*).

## *Публикации во 2020 година*

| | |
|---|---|
| **Тим ЕКО (2020)**<br><br>Авантурите на нашите суперхерои од Тим ЕКО во првиот стрип! Јагленот е минато, а борбата со него започнува! Стрипот е изработен во соработка со Макстрипови преку поддршка од Делегацијата на Европска Унија во С. Македонија. |  |
| **Прирачник за зелена економија и зелено претприемништво (2020)**<br><br>Со овој прирачник сакаме да ги поттикнеме читателите на критичко и понатамошно размислување на одделни теми во зависност од нивните лични и професионални склоности и интереси. Се надеваме дека прирачникот ќе ги мотивира активистите на граѓанските здруженија, но и претприемачите и претставниците на јавниот сектор, да ја согледаат својата улога во создавањето на некоја нова економија, поправично општество и подобра животна средина. |  |

## Приказна за Јагленко (2020)

Приказната за Јагленко е наш обид да ја доближиме вистината за природата кон децата. Се надеваме дека ќе ве поттикнеме и Вас на поинакво размислување со цел секогаш кога ќе донесете одлука (барем за онаа што се однесува за вашето домаќинство) да се определите за еколошки избор на енергија. Своите одлуки и право на избор се надеваме дека ќе ги споделите со вашите најмлади во семејството, а истовремено ќе се потсетите на нашата приказна за Јагленко. Така создавате сигурна иднина за своите поколенија.




## Примери на добра практика во зелената економија и зеленото претприемништво (2020)

Брошурата е наменета за сите кои размислуваат и живеат „зелено“ и одржливо преку активностите на своите организации, но и со личните ставови и постапки го почитуваат и чуваат природното наследство на човештвото. Со кус вовед во темата, а особено со примерите на добрата практика од Европската унија, се отвора простор за согледување и ширење на погледот на самиот концепт, како и на движењето зелена економија и зелено претприемништво.



## Анализа на степенот на усогласување и имплементација на избрани сектори од Поглавје 27 (2020)

Поради голем број социо-економски фактори, аерозагадувањето во Македонија станува алармантен проблем на национално ниво. Анализите за скопскиот регион предвидуваат покачување на аерозагадувањето и за 30% до 2025 година доколку не се преземат сериозни и системски мерки. Од градовите каде што има мерни станици, Скопје, Битола и Тетово се најзагадени градови во земјата. Овие градови исто така редовно се наоѓаат на листата на најзагадени градови во Европа, но и во светот.




## Зелена економија и зелено претприемништво (2020)

Оваа брошура се изработи во рамките на проектот „GEAR – Green Economy for Advanced Region“ („Зелена економија за развој на регионот“), кој има цел зголемување на активностите и зголемување на влијанието на организациите на граѓанското општество од Северна Македонија, Црна Гора, Србија, Босна и Херцеговивна и од Албанија во заштитата на животната средина преку вмрежување, јакнење на капацитетите и промовирање на зелената економија. Ова е само воведно четиво коешто ќе ве воведе во една важна тема на создавање една нова, позелена и поодржлива светска економија. Таа ќе го поттикнува дејствувањето и давањето ваш личен печат на зелениот развој.



## АНАЛИЗА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ИНСТАЛИРАЊЕ НА ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ НА ДОМОВИТЕ ВО КИЧЕВСКИОТ РЕГИОН (2020)

Со оглед на тоа што Кичевскиот регион, како еден од регионите со јаглен во нашата земја, во наредниот период ќе биде изложен на доста големи промени поттикнати од енергетската транзиција и транзицијата на регионите со јаглен, во овој документ ќе бидат анализирани можностите за инсталирање на фотоволтаични електрани на домовите во овој регион.




## АНАЛИЗА за алтернативен туризам и одржлив развој во кичевскиот регион (2020)

Анализата за развој на алтернативни видови на туризам во кичевскиот регион е направена во рамките на проектот „GEAR – Green Economy for Advanced Region“ („Зелена економија за развој на регионот“), како надополнување на „Економската анализа – премин кон развој без лигнит: случај Осломеј“. Економската анализа обработува предвидено сценарио за иницирање на алтернативни економски активности во три сектори (земјоделство, преработувачка индустрија и туризам) преку кои постепено во период од пет години преку праведна транзиција е придвидена супституција на целосната работна сила од на РЕК Осломеј.



## ***Финансии во 2020 година***

**ПРИХОДИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЕКТИ, ДОНАЦИИ, ЧЛЕНАРИНИ И УСЛУГИ**

| | Во денари<br>Завршна година<br>Декември 31, | | |
|---|---|---|---|
| | **2020** | | **2019** |
| **1.Проекти** | | | |
| -Воспоставување на систем за управување и мониторинг на споменикот на природата Вевчански извори, поддржан од УНДП (*UNDP*) | - | | 1,537,755 |
| -Зачувајте го синото срце на Европа (*Blue Heart Campaign*) во партнерство со Фронт 21/42 (*Front 21/42*) | 222,238 | | 42,010 |
| -PA4NP преку WWF Адриа (*WWF Adria*) | 2,963,828 | | - |
| -Проект за праведна транзиција од *CAN Europe- Europe Beyond Coal* | 178,743 | | 405,855 |
| - Побивање на митот за одржливост на хидроенергијата, финансиран од Патагонија (*Patagonia*) | | | |
| Фондација | - | | 443,714 |
| - Европска Климатска Фондација ЕЦФ *(European Climate Foundation ECF)* | 1,751,885 | | 1,666,490 |
| - Европска Климатска Фондација- ФФФ (*European Climate Foundation- FFF*) | 344,410 | | - |
| - Национална стратегија за справување со загадувањето на воздухот, поддржана од Министерството за животна средина и просторно планирање на Северна Македонија | - | | 200,000 |
| -Институт отворено општество (*Open Society Institute*) | - | | 106,096 |
| -ЕЕБ Трансфери за покривање на патни трошоци (*EEB Transfers for covering travel costs*) | 29,692 | | - |
| -Активности на Нетворк *CEE Bankwatch Network* | 1,904,065 | | 4,136,642 |
| - CEE Bankwatch Network – мали грантови од СИДА (*SIDA*) | 803,565 | | - |
| - Кампања 50 нијанси воздух поддржана од Шведската Амбасада | - | | 92,247 |
| -Делегација на Европската унија во Северна Македонија | | | |
| Проект ‘Да зборуваме за климатските промени’ | 2,802,112 | | 5,073,412 |
| - Делегација на Европската унија – Проект за декарбонизација | 2,760,166 | | - |
| - Делегација на Европската унија во Северна Македонија | | | |
| Проект *IPA2CSO* | - | | 138,805 |
| -Соработка со *DUH* на *NOx* мерења | 294,532 | | - |
| -Поткревање на свесноста во врска со линданот во соработка со *MES* | - | | 54,240 |
| -ГЕАР (*GEAR)* проект преку *FORS Montenegro* | 1,449,833 | | 2,523,791 |
| | **15,505,069** | | **16,421,057** |
| | | | |

| | | |
|---|---|---|
| **2.Членарини** | - | - |
| **3. Донации**<br>-Фронт 21/42 (*Front 21/42*) | - | 12,000 |
| -Донации од членови | 20,932 | 46,106 |
| -Поддршка за Екосфера | 3,000 | - |
| | **23,932** | **58,106** |
| **4. Услуги** | | |
| -Хуманитарна трка | 15,444 | - |
| -ЕДРМ (*EDRM*) соработка | 18,508 | - |
| -Македонско еколошко друштво | 61,000 | - |
| -БЗК Биди Зелен – соработка на прирачник за клима | 48,270 | - |
| -Останато | - | 59,540 |
| | **143,222** | **59,540** |
| **ВКУПНО (1+2+3+4)** | **15,672,223** | **16,538,703** |

**ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ**

| | Во денари<br>Завршна година<br>Декември 31, | |
|---|---|---|
| **ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ** | **2020** | **2019** |
| Потрошени канцелариски материјали | 95,906 | 52,466 |
| Енергија и комунални трошоци | 20,204 | 211,784 |
| Изнајмување на деловни простории | 264,000 | 295,953 |
| Пошта, телефони, интернет | 99,679 | 183,836 |
| Сметководство и ревизија | 212,553 | 313,799 |
| Банкарски трошоци | 78,605 | 64,452 |
| Интелектуални услуги | 2,916,543 | 1,694,888 |
| Донации на други субјекти | 6,485,135 | 4,665,354 |
| Промотивни материјали | 556,423 | 487,504 |
| Останати трошоци | 709,110 | 1,973,436 |
| **ВКУПНО** | **11,438,158** | **9,943,472** |

**ТРОШОЦИ ЗА ПЕРСОНАЛ**

| | Во денари<br>Завршна година<br>декември 31, | |
|---|---|---|
| **ТРОШОЦИ ЗА ПЕРСОНАЛ** | **2020** | **2019** |
| Бруто плати за вработените | 6,877,876 | 4,601,127 |
| Надоместоци | 109,840 | 67,056 |
| Дневници | 28,833 | 479,886 |
| **ВКУПНО** | **7,016,549** | **5,148,069** |

## *Нашиот тим*



Ана Чоловиќ Лешоска

ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР



Невена Смилевска

ПРОГРАМСКИ КООРДИНАТОР



М-р Јасмина Саид

АДМИНИСТРАЦИЈА И ФИНАНСИИ



## Стојан Лешоски

ПРОГРАМСКИ КООРДИНАТОР



## Елена Николовска

ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ



## Давор Пехчевски

ПРОЕКТЕН КООРДИНАТОР



## Хелена Андонова

АНАЛИТИЧАР НА ПОДАТОЦИ



## Ангел Кузманов

ПРОЕКТЕН КООРДИНАТОР



## Маја Камбовска

ПРОЕКТЕН КООРДИНАТОР ЗА CEE BANKWATCH NETWORK

## *Управен одбор на Еко-свест*



Проф. Стефан Бужаровски, Претседател



Ленче Данаиловска, член



Жарко Конески, член

Еко-свест
Св. Кирил и Методиј бр.30/1-6
1000 Скопје, Н. Македонија
www.ekosvest.com.mk
www.eko.net.mk
Tel: 02 3217 247

Facebook: https://www.facebook.com/Eko.Svest.MK/
Twitter: @Eko_svest
Instagram: @ekosvest
Тел: +38923217247